
ПЕЛАГОНСКИ
КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ
ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
19
- НОВАЦИ, 2023-
НОВАЦИ, 2024

**ПЕЛАГОНСКИ**

**КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ**

**НОВАЦИ**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ 19

**НОВАЦИ 2023**

**НОВАЦИ, 2024**

**Издавач:**
Пелагонски културно-научни средби – Новаци

**За издавачот:**
д-р Весна Калпаковска

**Главен и одговорен уредник:**
д-р Весна Калпаковска

**Редакција**
Трајан Митровски
Билјана Т. Димко
Ристе Котевски

**Лектура:**
Христијан Ациоски

**Компјутерска обработка**
д-р Весна Калпаковска

Новаци, 2024

Трудовите се прифатени и одобрени од Советот на Пелагонски културно-научни средби:

Билјана Т. Димко
Трајан Митровски
Јован Ѓуровски
Ристе Котевски
Божин М. Андоновски
Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Ромина Кабранова
Антоанета Петровска
Никола В. Ристевски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент
Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)
821.163.3(082)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби : зборник на
трудови : 19 : Новаци
2023 / [главен и одговорен уредник Весна Калпаковска]. -
Новаци :
Пелагонски културно-научни средби, 2024. - 194 стр. :
илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни
трудови

ISBN 978-608-66686-6-2

а) Македонска книжевност -- Собири -- Зборници б)
Општествени и културни
прашања -- Собири -- Зборници

COBISS.MK-ID 64409093

## СОДРЖИНА

Предговор кон Зборник на трудови бр. 19 .......... 6

СВЕЧЕН ДЕЛ

**Весна Калпаковска**
Пригодна реч кон 23 Пелагониски културно-научни средби .......... 9

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Весна Калпаковска**
Проф. д-р Осман Кадриу – добитник на Повелбата за животно дело .......... 12
**Биљана Т. Димко**
Снежана Алексиќ Станојловиќ – добитник на наградата Златен клас за македонски вонес .......... 15
**Биљана Т. Димко**
Филип Димкоски – добитник на признание „Панде Манојлов" .......... 16

ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ЕТНОГРАФИЈА, СТОПАНСТВО

**Душан Б. Симиќ**, Охрид во делата на византиските историчари во 15 век .......... 20
**Ристе Котевски**, Сведоштва за војводата Тодор Цветков-Фурнаџијата .......... 32
**Никола Димитров - Виктор Калаузи**, Атрактивни мотиви за планинарење во јужниот дел на Баба Планина .......... 46
**Менде Солунчевски**, Учеството на воени старешини и војници од Општина Новаци во војната на Р Македонија во 2001 г. .......... 62
**Ѓорѓи Прчков**, Од шепотот на тајните на старите занаетчии во Битола: Изработка на машки и женски чевли .......... 69
**Гоце Талевски**, Традиционалните млечни производи во Пелагонискиот Регион .......... 73

ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА, ПСИХОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА, ОПШТЕСТВО

**Марија Котевска**, Емоционална интелигенција и нејзини импликации врз образованието и работните перформанси .......... 85
**Симона Апостоловска**, Амбивертни деца/лица .......... 91
**Дијана Христовска-Магдалена Сајкова**, Современа концепциска поставеност на педагошкото водство. .......... 94

УМЕТНИЧКИ И КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ

**Анита Ангелевска**, Означувањето на ликот – семиолошки статус на ликот Калеш Анѓа .......... 105

**Јованка Денкова,** „Што ако не постоеше полна *Месечина*" од *Мила Кралева* – роман разгледница за првата љубов..............118
**Петре Димовски**, Филозофските погледи на *Владимир Костов*......127
**Васил Тоциновски**, Човечки судбини и страдања..............134

## ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Божин Андоновски**, Разделба..............140
**Бисера Ѓуровска**, Господин Имитирион..............154
**Јован Ѓуровски**, Збогум не ти реков..............157

**Ѓорѓи Лазаревски** Рането срце..............165

**Ѓорѓи Прчков**, Со Гургуро на гробишта..............169

## КОПРИНЕНИ НИШКИ ОД ДУШАТА (ПОЕЗИЈА)

**Филип Димкоски**, Ќе те разнежнам, Како треватa..............187

**In memoriam –** Ѓорѓи Лазаревски..............190

**Јованка Денкова**[1]
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

# „ШТО АКО НЕ ПОСТОЕШЕ ПОЛНА МЕСЕЧИНА“ ОД МИЛА КРАЛЕВА – РОМАН РАЗГЛЕДНИЦА ЗА ПРВАТА ЉУБОВ

**Апстракт**: Во оваа научна статија се осврнуваме кои адолесцентската книжевност и некои нејзини одлики, преку романот „Што ако не постоеше полна Месечина“ од младата авторка Мила Кралева,[2] која во своето прозно првенче покажа извонреден талент за приказ на она иницијално раѓање на љубовта, непредвидлива, а толку посакувана.

Концепциски, овој младешки љубовен роман на Кралева е поделен на два дела, од кои вториот дел хронолошки се одвива по една година, од почетокот на еден летен училиштен распуст до другиот, следната година. Што се однесува до хронотопот, може да се рече дека топосот е Лондон, од каде почнува дејството и во двата дела од романот, а останатиот дел од дејството (повторно и во двата дела од романот) се одвива во прекрасната Ибица, Шпанија. Сместувајќи го дејството во романтичните плажи на Ибица, младата авторка неизоставно се навраќа на темата на љубовта, која се раѓа токму на плажата, додека во ноќта осветлена само од полната месечина, се случува средбата меѓу двајца непознати.

**Клучни зборови**: адолесценција, романи за млади, љубов, Мила Кралева

Возраста на која се наоѓаат младите хероини од романот „Што ако не постоеше полна Месечина“ на Мила Кралева е 15 – 16-годишна возраст, или, поточно, дејството на романот започнува кога девојчињата, кои се наоѓаат во фазата на средна адолесценција, ја завршуваат првата година од средното образование. Адолесценцијата е фаза на транзиција од дете во возрасен, што грубо се смета за период помеѓу 11 и 19 години. Адолесцентот доживува не само физички раст и промени, туку и емоционални, психолошки, социјални и ментални промени и раст. Адолесценцијата може широко да се категоризира во три фази – рана

[1] Проф. д-р Јованка Д. Денкова е редовен професор по книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
[2] Мила Кралева е родена во Штип, 20... моментов е во средни... Жолбата...

Јованка ДЕНКОВА
Филолошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

# „ШТО АКО НЕ ПОСТОЕШЕ ПОЛНА МЕСЕЧИНА“ ОД МИЛА КРАЛЕВА – РОМАН РАЗГЛЕДНИЦА ЗА ПРВАТА ЉУБОВ

Апстракт: Во оваа научна статија се осврнуваме кон адолесцентската книжевност и некои нејзини одлики, преку романот „Што ако не постоеше Полна Месечина“ од младата авторка Мила Кралева[1], која во своето прозно првенче покажала извонреден талент за приказ на она иницијално раѓање на љубовта, непредвидлива, а толку посакувана.

Концепциски, овој младешки љубовен роман на Кралева е поделен на два дела, од кои вториот дел хронолошки се одвива по една година, од почетокот на еден летен училишен распуст до другиот, следната година. Што се однесува до хронотопот, може да се рече дека топосот е Лондон, од каде почнува дејството и во двата дела од романот, а останатиот дел од дејството (повторно и во двата дела од романот) се одвива во прекрасната Ибица, Шпанија. Сместувајќи го дејството во романтичните плажи на Ибица, младата авторка неизоставно се поврзала со темата на љубовта, која се раѓа токму на плажата, додека во ноќта осветлена само од полната месечина, се случува средбата меѓу двајца непознати.

Клучни зборови: адолесценција, романи за млади, љубов, Мила Кралева.

Возраста на која се наоѓаат младите хероини од романот „Што ако не постоеше Полна Месечина“ на Мила Кралева е 15-16 годишна возраст, или, поточно, дејството на романот започнува кога девојчињата, кои се наоѓаат во фазата на средна адолесценција, ја завршуваат првата година од средното образование. Адолесценцијата е фаза на транзиција од дете во возрасен, што грубо се смета за период помеѓу 11 и 19 години. Адолесцентот доживува не само физички раст и промени, туку и емоционални, психолошки, социјални и ментални промени и раст. Адолесценцијата може широко да се категоризира во три фази - рана адолесценција (приближна возраст од 11 до 13 години), средна адолесценција (приближна возраст од 14 до 17 години) и доцна адолесценција (приближна возраст од 17 до 19 години).[2] Во тој контекст, треба да се спомене и истражувањето на Гизела Конопка од Центарот за истражување и развој од кое произлегуваат пет клучни концепти и шест карактеристики на адолесценцијата. Според Конопка, петте концепти на адолесценцијата се: „искуство на физичка сексуална зрелост“, „искуство на повлекување од заштита на возрасни“, „свесност за себе во интеракција со другите“, „преоценување на вредностите“ и „експериментирање“. Според неа, карактеристиките на адолесценцијата се: „неизвесност“, „длабоко чувство на осаменост“ и „висок степен на психолошка ранливост, „промена на расположение“,

[1] Мила Кралева е родена во Штип, 2006 година, каде завршила основно образование, а во моментов е во средношколските клупи на гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Желбата за пишаниот збор ја добива уште од најмала возраст. Својата емотивност обликувана во поезија ја прикажува на многу литературни поетски манифестации. Патот до писателскиот свет го продолжува со нејзиното првенче „Што ако не постоеше Полна Месечина“.

[2] Katariina Salmela-Aro, Stages of Adolescence, Encyclopedia of Adolescence, pp. 360-368, Academic press, 2011. https://researchportal.helsinki.fi/en/publications/stages-of-adolescence , 29.11.2023

„силна потреба да се биде дел од групата“ „треба да се биде емотивен и расположен за игра“.[3]

Книгата „Што ако не постоеше Полна Месечина“ има навидум едноставна приказна – момче и девојка се вљубуваат еден во друг и по некои мали искушенија кои се испречуваат на патот на нивната љубов, книгата има среќен крај. Но, што е она што прави една „обична“ љубовна приказна да биде добра? Katrina Hedeen и Rachel L. Smith во нивната статија, разгледуваат неколку адолесцентски книги со љубовна тематика и потенцираат дека адолесцентските романи или ја следат формулата, или во некои ја менуваат значаен начин. И немаат сите среќен крај. Но, тие имаат добро развиени карактери; бурен, автентичен дијалог; веродостојни сценарија и карактерна динамика; раст како резултат на романсата; и тврдења за природата на љубовта.[4]

Сепак, во тој поглед, и гледано од аспект на денешните адолесцентски романи, романот на Мила Кралева се одликува со прилично традиционална наративна структура. Имено, се следи развојот на љубовните чувства кај Мејлин и Нејт, единствено ликот на главната хероина Мејлин е подлабоко психолошки нијансиран, одредени постапки на ликовите делуваат по малку неуверливо, и сл. И покрај некои недоследности, кои можат да се припишат на неискуството писателско искуство на Кралева, романот има своевидни естетски вредности, кои можат да се согледаат во истакнувањето на важноста на пријателството и другарувањето, заедничките спортски игри, музиката како обединувачки елемент на сите луѓе од различни средини, итн.

Во првиот дел, авторката нѐ воведува во една забрзана, пријатно возбудлива и напната ситуација, додека семејството на Мејлин, забрзано го напушта домот, на патот кон аеродромот за да ја испратат својата единствена ќерка: „Не сакам да задоцнам. Ме покрива еден бран од страв од задоцнување на аеродромот... Лондон и сообраќај, скоро идентични поими. Имам среќа што живеам близу до аеродромот, инаку сите соништа ќе потонеа во вода“ (9). Мејлин треба да замине за Ибица, каде заедно со нејзините две најдобри другарки – Хејзел и Тејт земаат учество на музички натпревар за млади таленти: „На музичкиот натпревар, на кој одам сега, се пријавив пред неколку месеци, кога професорот ме извести за тој посебен настан. ...Музиката е мојот живот, а пеењето – кислород, па без многу размислување се пријавив. Уште подобро нешто е локацијата, Ибица. Мојата омилена дестинација, Средоземно море, остров, лето, плажа, да и плус музиката и мојот натпреварувачки дух“ (9-10).

Другарките/пријателите се исклучително важен сегмент од животот на адолесцентите. Во периодот на адолесценцијата, родителите полека го губат своето влијание врз формирањето на идентитетот на адолесцентното девојче, а оваа улога ја преземаат пријателите од врсничката група. Како што се однесува оптштеството на врсниците, така и девојчињата адолесценти ќе се обидат да се однесуваат. Како што пријателите стануваат идеални, врсниците стануваат сѐ поважно засолниште што го заменува родителскиот дом.[5] Вообичаено е мислењето дека онака како што децата израснуваат во адолесценти, тие даваат повеќе значење на врските со врсниците и за разлика од помалите деца, адолесцентите минуваат повеќе време со нивните врсници и прават поголема дистинкција меѓу пријатели и не-пријатели. На тој начин, пријателите стануваат моќен извор на влијание врз размислувањата, чувствата и однесувањето на

---

[3] Gisela Konopka, (1973). Requirements for Healthy Development of Adolescent Youth. Adolescence, 8, (31), https://www.adph.org/ALPHTN/assets/043009_req.pdf, 30.11.2023

[4] Katrina Hedeen and Rachel L. Smith, What Makes a Good YA Love Story?, *The Horn Book Magazine* May/June 2013, https://www.hbook.com/story/what-makes-a-good-ya-love-story, 30.11.2023

[5] Helena Fuček, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine, (Diplomski rad). Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Fakultet hrvatskih studija. Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 30.11.2023

адолесцентите. Развојната психологија прави дистинкција помеѓу два вида на пријателства во односите меѓу врсниците. Првиот тип ја подразбира припадноста на детето кон одредена врсничка група и ова обично се поврзува со социјалниот статус. Вториот тип пријателство е дијадична врска базирана на заемност и взаемно допаѓање.[6] Со сигурност можеме да кажеме дека пријателството меѓу Мејлин и нејзините другарки е од вториот тип, затоа што се базира на љубовта кон музиката. James F. Akers, во својата студија[7] говори за сличностите во пријателствата кај адолесцентите, и при тоа го наведува мислењето на Epstein, според кој сличноста кај пријателите помага да се воспостави заеднички социјален идентитет, намалување на меѓучовечките конфликти и зголемување на одобрувањето и позитивното почитување за секој член на пријателскиот пар. Епштајн, исто така, верува дека разликите меѓу пријателите може да бидат важни во тој конфликт и тие разлики може да обезбедат можности за учење, за градење подобри односи и за унапредување на социјалните вештини[8]. Мејлин е многу блиска со своите другарки и во прилог на тоа говори фактот што заедно ќе учествуваат на натпреварот, ќе си бидат конкуренција една друга, но тие немаат никаков проблем со тоа: „Со нив сум отсекогаш. Имаме другарство кое е навистиа ендемично во овие времиња. Ги сакаме и мразиме истите работи. Имаме некои разлики, но долгогодишното другарување нè направи сестри. Ни тие, ниту јас, имаме браќа и сестри, па затоа сме како сестри од различни родители, ги сакам најмногу“ (17). Како што се покажува и во романот, иако ги чувствува како блиски и не крие ништо од нив, сепак, Мејлин се воздржува да ги сподели со нив своите чувства за Нејт и средбите со него: „Не! Одлучив да не им кажувам! Досега не сум сокрила ништо од нив. Но, сега прво морам да го прифатам јас ова, а и нормално да го запознаам моето невидено момче, па тогаш да им соопштам“ (18)[9].

Овој момент на затскривање на своите емоции кога се во прашање момчињата, како и излегувањето со своето момче, е разгледуван во голем број студии. Во сите нив, генерално, се потврдува ставот дека кога девојките почнуваат да излегуваат со некое момче, тие постепено се оддалечуваат од своите другарки, или меѓу нив се создава одредена дистанца. Но, сосема спротивен е случајот кога врската меѓу момчето и девојката се продлабочува. Имено, тогаш, девојките повторно почнуваат да се дружат, особено ако имаат заеднички интереси.[10] Според Фучек, светот на адолесцентките се врти околу љубовта. Тие, скоро секоја недела се вљубуваат во ново момче, и тоа со неверојатна леснотија. Кај адолесцентките чувството на љубов е поврзано со хормонални промени, а низ истата ситуација минуваат и момчињата - адолесценти, низ заљубувањето, бакнежите, како и првите сексуални искуства. Всушност, љубовта и заљубувањето се многу поважни за адолесцентките отколку училиштето или семејството. Адолесценките сонуваат и фантазираат за идеална љубов, замислуваат како

---

[6] Tali Klima, (2007). The quality of adolescent girls' best friendships and their self-perceptions. University of California, Los Angeles. https://www.proquest.com/openview/4d33277183f222f3084f0b093de0f2a7/1?pq-origsite=gscholar&cbl=18750, 30.11.2023

[7] James F. Akers, Similarities Within Adolescent Friendship Pairs: The Relationship Between the Strength and Qualities of Friendship and the Individuals' Ego Identity Development, (1992).All Graduate Theses and Dissertations. https://digitalcommons.usu.edu/etd/2530, 30.11.2023

[8] Epstein, J. L. (1983). School environment and student friendships: Issues, implications, and interventions. In J. L. Epstein & N. Karweit (Eds.), Friends in school: Patterns of selection and influence in secondary schools (pp. 235-253). New York: Academic Press. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/B9780122405402500207, 30.11.2023

[9] Мила Кралева, Што ако не постоеше Полна Месечина, Мила Кралева, Штип, 2023.

[10] Vivienne Griffiths, Adolescent Girls: Transition from Girlfriends to Boyfriends?, Chapter 4 of Women and the Life Cycle: Transitions and Turning Points, Edited by Patricia Allatt, Teresa Keil, Alan Bryman & Bill Bytheway
London: Macmillan, 1987. https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/58211406 30.11.2023

треба да изгледа или да се однесува нивното момче. Тие ги споделуваат своите љубовни искуства со своите пријатели, а најчестите теми во нивните разговори се тесно поврзани со љубовта. Истражувањето спроведено меѓу адолесцентите покажало дека адолесцентките најмногу размислуваат и разговараат со пријателите за љубовта.[11]

За периодот на адолесценција е важна уште една карактеристика во поглед на нивните романтични/љубовни искуства. Имено, многуте истражувања покажале дека врските на адолесцентите најчесто се базираат на чувството на поддршка, дружењето и интимноста. Всушност, повеќе адолесценти ги спомнуваат поддршката и дружењето како предности на романтичните врски отколку како предности на пријателствата од ист или друг пол. Не е изненадувачки што физичката интимност и грижата се гледаат како посебни предности на романтичните врски.[12] Факт е дека адолесцентите имаат сиромашно или никакво љубовно искуство: „Мојата комуникација со момчињата е на најниско ниво. Никој досега не го освоил моето срце, освен музичките ѕвезди. Сини очи и разбушавена коса. Дали некаде постои?“ (12); па, затоа, понекогаш непромислено се вљубуваат или невнимателно влегуваат во љубовни врски: „Ме удри нешто во главата и како филм на бело платно започна да се презентираат вчерашните слики: ноќ без месечина, сурова темнина, ланче со морска ѕвезда, страв, трепет, трчање, некое момче без лик кое ме бакнува. Ме бакнува!? Што!? Скокнав во креветот во истата облека од вчера, ја ставив раката на вратот и немам ланче. Стојам до креветот кога прифатив дека вчера бил мојот прв бакнеж. Е, тогаш полудев во вистинска смисла на зборот. Ме облеа некој бран на среќа и веќе скокав. Ги земам перниците од креветот и ги удирам Тејт и Хејзел“ (17).

Резултатите од одредени студии покажуваат дека искуството во поглед на излегувањето/одење на состаноци кај адолесцентите варира во голема мера на секоја возраст. Да се биде „заљубен“ се случува во една постојана врска околу половина од времето. Момчињата се заљубуваат порано и почесто од девојчињата, а се чини дека и кај двата пола се јавува типична концепција на „заљубување“. Квалитативните анализи сугерираат дека раните и средните адолесценти активно размислуваат за природата и значењето на нивните романтични чувства и искуства.[13] Книгата на Кралева ја става на искушение љубовта меѓу Мејлин и Нејт, по ненадејното заминување на Нејт во странство. Мистериозната разделба и исчезнувањето на Нејт без поздрав, само со едно кратко писмо, остава длабоки последици врз Мејлин: „Се кршам, се рони секоја коска во мене. Не верував во скршени срца, мислев дека љубовта не боли. Ништо не трае вечно, но верував во нас. Верував, до пред ти да заминеш. Сега сум претворена во едно срце, скршено на две половини. ...Секое утро се будев разочарана, бидејќи твоето враќање, секоја ноќ беше само сон. Тажна одев на училиште, а сето тоа се одрази на мојот успех. По цел ден не јадев“ (85). Романтичните врски се клучен аспект од развојот на адолесцентите во возрасни, а раскинувањето е составен дел. Иако студиите ретко даваат експлицитни дефиниции за тоа што е „раскинување“, некои истражувачи (на пр., Карни, Бредбери и Џонсон, 1999) ги дефинираат романтичните раскинувања како конечна состојба на дадена врска, односно кога истата е „прекината“. Во исто време,

---

[11] Helena Fuček, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine, (Diplomski rad). Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Fakultet hrvatskih studija. Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 30.11.2023

[12] Wyndol Furman, Martin J. Ho, and Sabina M. Low, The Rocky Road of Adolescent Romantic Experience: Dating
and Adjustment, *Friends, lovers and groups: Key relationships in adolescence*, 61-80, 2007. https://liberalarts.du.edu/sites/default/files/2021-04/furman-ho-low-2007.pdf, 30.11.2023

[13] Marilyn J. Montgomery and Gwendolyn T. Sorell, Love and dating experience in early and middle adolescence: grade and gender comparisons, *Journal of Adolescence* 1998, 21, 677-689, https://www.researchgate.net/profile/Marilyn-Montgomery-2/publication/13317033, 30.11.2023

студиите кои се фокусираат на младите покажуваат дека прекините на романтичните врски во адолесценцијата се многу честа појава. Во адолесценцијата, случајните, краткорочни врски се сметаат за развојно пособдветн, затоа што овие млади луѓе истражуваат и експериментираат со интимните односи. Од тој аспект, овие наоди го осветлуваат фактот дека романтичните раскинувања меѓу младите се мулти-детерминирани феномени, кои опфаќаат фактори на индивидуално (на пример, нечија привлечност) и контекстуално (на пример, релациски или животни стресови) ниво.[14] Од исповедта на Мејлин дознаваме дека причината за разделбата со Нејт, поточно за неговото заминување е од животна природа, односно за негов раст и развој како музичар. Но, исто така, дознаваме и за нејзината психолошка состојба по заминувањето на Нејт во Лос Анџелес: „Пред да заспијам го читав твоето писмо, иако веќе буквите тешко се гледаат од многуте солзи. Го мирисав твојот парфем и ја прегрнував твојата гитара... Создадов море од солзи, цело Средоземно море, море на копнежот“ (85).
Истражувањата на овој момент, сугерираат дека романтичните раскинувања, слично како загубите по смртта или разводот, може да доведат до симптоми на жалост, вклучувајќи мрачни мисли, тешкотии во контролирањето на мрачните мисли, несоница, како и синдром на „скршено срце“ и компромитирана имунолошка функција. [15] Меѓутоа, погрешно е да се мисли дека само девојките-адолесцентки минуваат низ вакви тешки психолошки проблеми про раскинот на романтичните врски. Од романот на Мила Кралева дознаваме дека и за последиците кои заминувањето во САД ги оставило врз Нејт и за неговите чувства: „Бев во Лос Анџелес заедно со мајка ми и татко ми, тие работеа од таму. Не можев сам, бев скршен. Ми недостигаше толку многу што бев и во болница, поради тоа што не јадев. Не можев. Знам дека и ти си поминала низ истото. Не сакав да ти пишам или да ти се јавам, така ќе болеше повеќе“ (99).

Друг важен момент на кој се задржува авторката Кралева во овој младешки роман е музиката. Музиката е универзален јазик кој претставува суштински канал за комуникација помеѓу луѓето од целиот свет со различни преференци на нивниот тип и стил според возраста и културното потекло. Фиоси и соработниците спровеле студија во која го анализирале емоционалното влијание на музиката врз тинејџерите и нивните потреби за грижа за менталното здравје.[16] Тие, исто така укажуваат и на позитивното влијание на музиката врз адолесцентите, во однос на чувството на припадност. Благодарение на музиката, тинејџерите можат да ја потврдат својата припадност на врсничка група и на тој начин, да се придржуваат до системот на вредности, до нормите на однесување и до филозофијата. Групата им доделува статус; тие чувствуваат чувство на припадност и во тој простор, можат да ги споделат своите грижи и страсти. Тоа е рамка за нивните потези за еманципација и место за учење за социјални вештини. Музиката покренува и/или одржува емоционална состојба која носи добри чувства. Така, музиката претставува средство за изразување, комуникација, истражување, модификација и/или реорганизација на емоционалната состојба. Подобро од говорниот јазик, музиката ги изразува чувствата, емоциите, искуствата и чувствата; ја изразува состојбата на умот. Тоа е привилегиран јазик за тинејџерите додека минуваат низ овој

[14] Valeriya Bravo. (2018). Reasons for Romantic Breakups in Adolescence and Emerging Adulthood: A Developmentally Informed Examination.
https://yorkspace.library.yorku.ca/server/api/core/bitstreams/e8e4e112-a658-4ad5-92b0-e43ff5beb66c/content, 01.12.2023

[15] Tiffany Field, Romantic Breakups, Heartbreak and Bereavement, Psychology, 2011. Vol.2, No.4, 382-387, https://www.scirp.org/html/6296.html, 01.12.2023

[16] Fiossi-Kpadonou E, Sessou DV, Kpadonou GT and Agossou T, Music and Emotions of Teenagers in Benin, *Journal of Child and Adolescent Behavior*, 2016, Vol 4(6): 323, https://www.omicsonline.org/open-access/music-and-emotions-of-teenagers-in-benin-2375-4494-1000323, 29.11.2023

бурен период од нивниот живот, период полн со емоции кои тешко ги изразуваат и управуваат.[17]

Во романот „Што ако не постоеше Полна Месечина" од Мила Кралева ни се прикажува како музиката им овозможува да се запознаат подобро едни со други, како да се зближат, како да се запознаат со нови луѓе од цел свет, да стапат во романтични врски или само да се дружат. Случајот со Нејт и Мејлин, кои по една година пак се среќаваат за да го продолжат животот заедно понатаму заедно и во професионалните- музички води е само показ за обединувачката моќ на музиката: „Љубов, сега сакам да ја продолжам мојата кариера со тебе. Сакам да бидеме група од двајца која ќе создава музика полна со чувства" (99). Музиката им нуди на адолесцентите силни емотивни искуства и забава, и служи како извор за лично обновување и закрепнување. Иако овие квалитети имаат различни функции, тие се сосема слични едни на други од гледна точка на регулирање на расположението: сите се процеси на подигнување на духот преку пријатна активност.[18] Музиката е привилегиран јазик за тинејџерите додека минуваат низ овој бурен период од нивниот живот, период полн со емоции кои им е тешко да ги изразат и управуваат. Тоа е ефикасна алатка која заслужува да се разгледа од гледна точка на грижата за менталното здравје. Така, музиката може да биде не само средство за подобро разбирање на тинејџерите, туку и за да им помогне.[19]

ЛИТЕРАТУРА


1. Akers, James F. (1992). Similarities within Adolescent Friendship Pairs: The Relationship between the Strength and Qualities of Friendship and the Individuals' Ego Identity Development.All Graduate Theses and Dissertations. 2530. https://digitalcommons.usu.edu/etd/2530, 30.11.2023
2. Bravo, V. (2018). Reasons for Romantic Breakups in Adolescence and Emerging Adulthood: A Developmentally Informed Examination. https://yorkspace.library.yorku.ca/server/api/core/bitstreams/e8e4e112-a658-4ad5-92b0-e43ff5beb66c/content, 01.12.2023
3. Epstein, J. L. (1983). School environment and student friendships: Issues, implications, and interventions. In J. L. Epstein & N.Karweit (Eds.), Friends in school: Patterns of selection and influence in secondary schools (pp. 235-253). New York: Academic Press. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/B9780122405402500207, 30.11.2023
4. Field, Tiffany. (2011). Romantic Breakups, Heartbreak and Bereavement, Psychology, Vol.2, No.4, 382-387, https://www.scirp.org/html/6296.html, 01.12.2023
5. Fiossi-Kpadonou E, Sessou DV, Kpadonou GT and Agossou T, Music and Emotions of Teenagers in Benin, *Journal of Child and Adolescent Behavior*, 2016, Vol 4(6): 323, https://www.omicsonline.org/open-access/music-and-emotions-of-teenagers-in-benin-2375-4494-1000323, 29.11.2023


[17] Fiossi-Kpadonou E, Sessou DV, Kpadonou GT and Agossou T, Music and Emotions of Teenagers in Benin, Journal of Child and Adolescent Behavior, 2016, Vol 4(6): 323, https://www.omicsonline.org/open-access/music-and-emotions-of-teenagers-in-benin-2375-4494-1000323, 29.11.2023

[18] Suvi Saarikallio and Jaakko Erkkilä, The role of music in adolescents' mood regulation, Psychology of Music, Society for Education, Music and Psychology Research, vol 35(1): 88–109, http://st.markgroves.de/wp-content/uploads/2016/10/The-role-of-music-2.pdf, 29.11.2023

[19] Eman Ahmed Zaky, Adolescence; a Crucial Transitional Stage in Human Life, Journal of Child & Adolescent Behavior, 2016, https://www.researchgate.net/profile/Eman-Zaky/publication/316152702, 29.11.2023

6. Fuček, Helena. (2013). Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine, (Diplomski rad). Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Fakultet hrvatskih studija. Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 30.11.2023
7. Furman, Wyndol, Ho, Martin J. and Low, Sabina M. (2007). The Rocky Road of Adolescent Romantic Experience: Dating and Adjustment, *Friends, lovers and groups: Key relationships in adolescence*, 61-80. https://liberalarts.du.edu/sites/default/files/2021-04/furman-ho-low-2007.pdf, 30.11.2023
8. Griffiths, Vivienne. (1987). Adolescent Girls: Transition from Girlfriends to Boyfriends?, Chapter 4 of Women and the Life Cycle: Transitions and Turning Points, Edited by Patricia Allatt, Teresa Keil, Alan Bryman & Bill Bytheway, London: Macmillan. https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/58211406 30.11.2023
9. Hedeen, Katrina and Smith, Rachel L. (2013). What Makes a Good YA Love Story?, *The Horn Book Magazine* May/June 2013, https://www.hbook.com/story/what-makes-a-good-ya-love-story, 30.11.2023
10. Klima, Tali. (2007). The quality of adolescent girls' best friendships and their self-perceptions. University of California, Los Angeles. https://www.proquest.com/openview/4d33277183f222f3084f0b093de0f2a7/1?pq-origsite=gscholar&cbl=18750, 30.11.2023
11. Konopka, Gisela. (1973). Requirements for Healthy Development of Adolescent Youth. Adolescence, 8, (31), https://www.adph.org/ALPHTN/assets/043009_req.pdf, 30.11.2023
12. Montgomery Marilyn J. and Sorell, Gwendolyn T. Love and dating experience in early and middle adolescence: grade and gender comparisons, (1998). *Journal of Adolescence*, 21, 677-689, https://www.researchgate.net/profile/Marilyn-Montgomery-2/publication/13317033, 30.11.2023
13. Saarikallio, Suvi and Erkkilä, Jaakko. (2007). The role of music in adolescents' mood regulation, Psychology of Music, Society for Education, Music and Psychology Research, vol 35(1): 88–109, http://st.markgroves.de/wp-content/uploads/2016/10/The-role-of-music-2.pdf, 29.11.2023
14. Salmela-Aro, Katariina. (2011). Stages of Adolescence, Encyclopedia of Adolescence, pp. 360-368, Academic press, https://researchportal.helsinki.fi/en/publications/stages-of-adolescence , 29.11.2023
15. Zaky, Eman A. (2016). Adolescence; a Crucial Transitional Stage in Human Life, Journal of Child & Adolescent Behavior, https://www.researchgate.net/profile/Eman-Zaky/publication/316152702, 29.11.2023
16. Кралева, Мила. (2023). Што ако не постоеше Полна Месечина, Мила Кралева, Штип.